# ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

**ЗА НЕСРЕЌА СО ПАРАГЛАЈДЕР**

**Во околината на Прилеп**

**на 05.07.2025 година**

ACCID 003/2025

Скопје,

Јули 2025 година

Истрагата е спроведена и извештајот е подготвен од Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти (КИНСИВ) согласно Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 14/2024), од Уредбата за принципите по кои се води истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови како и начинот на нивното пријавување, формата, содржината, начинот на водење евиденција и начинот на издавање и одземање на службена легитимацијана на истражителите (Службен весник на Република Северна Македонија бр.67/23)

Комисија во состав:

1. Зоран Велковски Главен истражител (IIC)
2. Никола Давидов Истражител
3. Марјан Прпоски Истражител
4. Мартин Јованоски Надворешен истражител

**Целта на безбедносните истраги во никој случај не е да утврдат вина или одговорност.**
**Истрагите се независни и оделени од судски или административни постапки и не се во спротивност со утврдувањето на вината или одговорноста на поединците.**
**Конечниот извештај не може да се користи како доказ во судска постапка насочена кон утврдување на граѓанска или кривична одговорност на поединецот.**

| Контакт: | |
|---|---|
| КИНСИВ<br>Бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов", Бр.44/1-4,<br>1000 Скопје,<br>Република Северна Македонија | Тел.: +389 2 6091090<br><br>Е-пошта: info@kinsiv.mk |

# Содржина

Податоци за настанот: ... 4
Истрага: ... 4
Кратка анализа и заклучок: ... 4
1.2 Повредени лица ... 6
1.4 Друга причинета штета ... 7
1.6 Искуство ... 7
1.7 Информации за параглајдерот ... 8
1.7.2 Уред за снимање во лет ... 8
1.8 Медицински информации ... 8
2. АНАЛИЗА ... 9
2.2 Човечки фактор ... 9
2.3 Начин на летање на параглајдерите во подрачјето ... 9
2.4 Анализа на падот од траклогот ... 10
2.5 Податоци за ударот и местото на падот ... 10
3. ЗАКЛУЧОК ... 11
Причини: ... 11
Фактори кои довеле до непосредна причина за оваа несреќа се: ... 13
4. БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕПОРАКИ ... 13

**Кратенки и термини кои се користени во истрагата**

| | |
|---|---|
| FAI | World Air Sport Federation |
| GPS | Global Positioning System |
| CCC | Civl Competition Class |

## Податоци за настанот:

| | |
|---|---|
| Вид на настан: | несреќа |
| датум: | 05.07.2025. година |
| време: | околу 15:10 часот |
| место: | во близина на Прилеп |
| вид на летало: | параглајдер |
| производител / модел: | Ozone Enzo 3 |
| оператор: | физичко лице |
| број на личности на леталото: | 1 (пилот) |

### Истрага:

Првите информации за несреќата КИНСИВ ги дозна од јавниот обвинител со закаснување od 4 дена на дата 09.07.2025 година.

## Кратка анализа и заклучок:

На ден 05.07.2025. околу 15 часот, во близина на Прилеп се случи несреќа со параглајдер, при која пилотот на параглајдерот починал на лице место. Нема штета на трети лица.

Преку анализа на сите достапни податоци собрани во текот на истрагата, се заклучува дека непосредна причина за настанатата несреќа е изгубената контрола над параглајдерот која што резултира со пад и удар во земја со голема вертикална брзина.

# 1. ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

## 1.1 Историја на летот

На ден 05.07.2025. година, пилотот на параглајдерот летал заедно со повеќе други пилоти, кои што веќе неколку дена пред тоа летале во Македонија.
Местото на полетување е стартното место Мечкин Камен – Крушево на висина од 1410 м и времето на полетување е 13:04 Летот Траел 2:05 (два часа и пет минути), а времето на несреќата е 15:09.
До местото на несреќата биле прелетани окулу 47км и достигната максимална висина 2776м. Во текот на летот пилотот користел повеќе термички столбови со јачина и до 5мс.

Flight | Route | Start | Land

| | |
|---|---|
| airtime : | 2:05:50 h |
| max. altitude : | 2776 m |
| max. alt. gain : | 1355 m |
| max. climb : | 4.0 m/s |
| max. sink : | 12.7 m/s |
| tracklog length : | 84.872 km |
| free distance : | 25.56 km / 47.79 km |

Flight | Route | Start | Land

| Start point | |
|---|---|
| time : | 13:04:09 +02:00 |
| altitude : | 1421 m |
| GPS lat : | 41.34342 N |
| GPS lon : | 21.25687 E |

Flight | Route | Start | Land

| End point | |
|---|---|
| time : | 15:09:59 +02:00 |
| altitude : | 593 m |
| GPS lat : | 41.34998 N |
| GPS lon : | 21.5051 E |

## 1.2 Повредени лица

| Повреди | Пилот | Патници | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Фатално | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Сериозно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Минорно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Без | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 1 | 0 | 0 | 1 |

## 1.3 Оштетувања на Опремата

Состојбата на целата опрема е добра, параглајдерот е релативно нов, произведен на 20.09.2024.

Оштетувањата кои се пронајдени на опремата се предизвикани од падот.






### 1.4 Друга причинета штета

Нема.

### 1.5 Податоци за пилотот

Машка особа, државјанин на Индија, роден. 31 Август 1972
Поседува важечка FAI дозвола со број 438523.

### 1.6 Искуство

Пилотот има долгогодишно искуство на летање параглајдер, и летал редовно и без големи паузи.

## 1.7 Информации за параглајдерот

### 1.7.1 Општи податоци

| | |
|---|---|
| Производител: | OZONE |
| Тип: | ENZO 3 |
| Категорија: | CCC |
| Датум на Производство: | 20.09.2024 |
| Седиште: | GIN GENIE RACE 5 |

### 1.7.2 Уред за снимање во лет

- GPS, Air 3

## 1.8 Медицински информации

Во несреќата пилотот се здобива со повреди поради кои починува на местото на падот.

## 2. АНАЛИЗА

### 2.1. Метеоролошки услови

На денот на несреќата метео условите се поволни за латање со параглајдер и карактеристични за овој дел од годината и перидот на денот.
Ветерот бил од претежно северен и североисточен правец со променлива јачина помеѓу 5 и 15 кмч.
Термичката активност била помеѓу 2 и 5 метри во секунда и достигнати со висини од окулу 3000м надморска висина.

### 2.2 Човечки фактор

Пилотот имал големо искуство, летал повеќе од 20 години, бил инструктор со сопствена школа и натпреварувач кој што се натпреварувал и летал во многу земји. Во Македонија бил 10тина пати.

### 2.3 Начин на летање на параглајдерите во подрачјето

Овој вид на лет е карактеристичен за напредни пилоти за овој регион. Пилотите полетуваат од полетувалиштето Мечкин Камен близу Крушево и користеќи ги северо источните ветрови и термални струи летаат по падината северно кон врвот Мусица а потоа и кон Солунска Глава за во вториот дел на летот да ги искористат термичките струења кои се јавуваат во попладневниот дел од денот во рамницата и да летаат јужно преку Пелагонија кон Прилеп и Битола или назад кон Крушево.

## 2.4 Анализа на падот од траклогот

Пилотот во близнина на местото на падот доаѓа неколку минути порано (15:06) на висина 863м и почнува да се подига во термички столб при што достигнува максимална висина од 1068м пред да почне да паѓа. Паѓањето според траклогот соодедтсвува со тоа што е изјавено од очевидецот што го пријавил настанот а тоа е дека, параглајдерот паѓа со голема брзина 10-18мс и во ротација при што параглајдерот и пилотот се наоѓаат во иста рамнина.
(Тоа е типичен начин на паѓање на параглајдер со кој што може да се достигнат такви големи брзини на пропаѓање)




## 2.5 Податоци за ударот и местото на падот

Местото на несреќата се наоѓа западно од градот Прилеп, на 1,2км од мермерниот комбинат и на 700м северно од регионалниот пат Прилеп - Крушево Местото е мешавина на ниви со различни кулутри.

Самото место на ударот е нива која е е необработена и обрастена со високи треви



## 3. ЗАКЛУЧОК

### 3.1. Наоди

Метеорошките услови биле поволни за летање со параглајдер
- Пилотот имал многу годишно искуство во летање параглајдери.
- Пилотот се здобива со повреди со кои починува на местото на ударот.

**Причини:**

- **Непосредна причина**
  Најверојатна причина за несреќата е губење на контрола на параглајдерот во термичкиот столб при што параглајдерот веројатно ја губи формата и има затварања кои доведуваат во стрмоглаво спирално пропаѓање, таканаречена авторотација која што пилотот не успеава да ја исконтролира и со таква конфигурација паѓа се до земјата.




Landing

**Фактори кои довеле до непосредна причина за оваа несреќа се:**

- Напредната ССС Класа на крилото

## 4. БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕПОРАКИ

Во насока на избегнување на исти или слични сериозни инциденти во иднина, се препорачува следново:

Крушево и Пелагонија се релативно едноставна област за летање со предвидливи временски услови со лесно разбирлив терен кој што често предизвикуваат намалено внимание и поголема релаксираност кај пилотите поради што лесно може да се затекнат во некоја опасна ситуација.
Без оглед на колкаво да е големо летачкото искуство, да не се потценува поволноста на теренот,добрите временски услови затоа што во такви услови пилотите мислејки дека се спремни и безбедни се прават фатални грешки.

Превентивни делувања:
Агенцијата за цивилно воздухопловство и Воздухопловната Федерација на Македонија да проследат информации на меѓународно ниво за безбедно летање во регионот на Крушево и Пелагонија.

Главен истражител (IIC)

________________________
Зоран Велковски